Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр.08-787/21
12-10-2021год.
Скопје

# ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА ДЕМОНСТРАТОР ВО УЧЕБНАТА 2020/2021

Врз основа на член 110 и 163 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018) и член 53 од Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори (Универзитетски гласник бр.411/2018 година), како и врз основа на Одлуката за утврдување на потреба од демонстратор во учебната 2021/2022 и формирање комисија за избор донесени на XLIV и I редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на 2.7.2021 г., односно 7.9.2021 година, Деканот на Филозофски факултет во Скопје објавува:

## ИНТЕРЕН ОГЛАС
## за демонстратори во учебната 2021/2022 на Филозофскиот факултет во Скопје

1. Филозофскиот факултет во Скопје објавува интерен оглас за ангажирање на демонстратори во учебната 2021/2022 и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| **Институт за социологија** | Предмет:<br>- Социологија на трудот, С3043/18, 3+2<br>- Социологија на односите меѓу половите, С408И/18, 2+1<br>- Економска социологија, С6013/18, 3+2<br>- Социологија на европската интеграција, С7033/18, 3+2<br>- Идејата за обединета Европа и историјата на Европската Унија, С621И/18, 2+1<br>- Управување со човечки ресурси, С607И/18 ,2+1<br>- Социо-економската структура на Европската унија, С625И/18, 2+1<br>- Економија и култура, С814И/18, 2+1 (Проф.д-р Милева Ѓуровска)<br>- Социологија на граѓанственоста, С5043/18, 3+2 | Комисија:<br>- проф. д-р Весна Димитриевска<br>- проф. д-р Ило Трајковски<br>- проф. д-р Милева Ѓуровска |

| | | |
|---|---|---|
| | - Современи социолошки теории, С7013/18, 3+2<br>- Политички систем на РМ со човекови права, С506И/18, 2+1<br>- Граѓанскиот сектор и општествениот развој, С606И/18, 2+1<br>- Граѓанственоста и јавната сфера, С612И/18, 2+1<br>- Политичка социологија на европската интеграција,<br>С624И/18, 2+1 Политичка социологија, С3033/18, 3+2<br>(Проф.д-р Ило Трајковски)<br>- Социолошки теории I, С3013/18, 3+2<br>- Социолошки теории II, С4013/18, 3+2<br>- Социологија на етничките групи, С7043/18, 3+2<br>- Социологија на спортот, С706И/18, 2+1<br>- Етничност и национализам, С815И/18, 2+1<br>- Етнички конфликти, С821И/18, 2+1<br>- Етничност и национализам, С822И/18, 2+1<br>- Етничност и национализам, С623И/18, 2+1<br>- Методологија на социолошки истражувања I,<br>С5023/19, 3+2<br>- Методологија на социолошки истражувања II,<br>С6033/18, 3+2<br>- Проект и проектирање на социолошки проблеми,<br>С802И/18, 2+1<br>- Истражувачки техники, С804И/18, 2+1<br>- Социологија на нееднаквост и сиромаштијата, С4043/18, 3+2 (Проф.д-р Весна Димитриевска) | |
| **Институт за специјална** | Предмет:<br>-Рана интервенција и едукација на деца со интелектуална попреченост (задолжителен предмет од | Комисија:<br>- проф. д-р Горан Ајдински |

| | | |
|---|---|---|
| **едукација и рехабилитација** | III семестар) и Процена на психомоторен развој (задолжителен предмет од IV семестар) | - проф. д-р Александра Каровска Ристовска<br>- проф. д-р Наташа Станојковска Трајковска |

2. Демонстраторот потребно е да ги исполнува следните **услови**:

- **Демонстратор може да биде лице кое е студент на втор или трет циклус на студии.**
- **За демонстратор може да биде избран студент кој студиите од првиот циклус (додипломските студии) ги завршил со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).**

3. Кандидатите ги приложуваат следните **документи** за докажување на исполнувањето на условите:

1) **Пријава во која задолжително наведуваат лични податоци и податоци за контакт, како и за која студиска програма и предмети се пријавуваат од овој оглас**
2) **Потврда од Студентски прашања дека е студент на втор или трет циклус на студии**
3) **Копија од Уверение за завршени прв циклус студии (додипломски студии)**

Со поднесување на пријавата кандидатите под материјална и кривична одговорност гарантираат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

4. Рокот за поднесување на пријавата заедно со доказите трае 5 (пет) работни дена од денот на објавување на web-страната и огласната табла на Филозофскиот факултет во Скопје, односно **до 19. 10.2021 година**.

5. Заинтересираните кандидати поднесуваат пријава и докази за податоците содржани во пријавата **преку Архивата на Филозофскиот факултет во Скопје** во предвидениот рок за пријавување во работните денови до 15:00 часот.

6. Демонстратор се избира за период од една учебна година, со право да биде реизбран уште два пати на Филозофскиот факултет - Скопје.

7. Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определен со студиската програма.
Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определени со распоредот на работни задачи за тековната учебна година, односно семестар.

**Напомена**: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

ДЕКАН
на Филозофски факултет во Скопје

проф. д-р Ратко Дуев

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ